ВИСОКА ШКОЛА ЗА ВАСПИТАЧЕ
СТРУКОВНИХ СТУДИЈА
АЛЕКСИНАЦ

# НАШЕ СТВАРАЊЕ

**ЗБОРНИК РАДОВА СА ОСМОГ СИМПОЗИЈУМА**
**"ВАСПИТАЧ У 21. ВЕКУ"**

**12**

**Алексинац**
**2013**

*Издавач*:
Висока школа за васпитаче струковних студија
Пиварска б.б. 18220 Алексинац
тел: (018) 804-323, 803-331
e-mail: vas.skola@medianis.net
СВЕН, Ниш
Стојана Новаковића 10

*За издавача*:
Др Стојан Обрадовић

*Главни и одговорни уредник*:
Др Мирољуб Јоковић

*Редакција*:
Др Даница Радуновић Столић
Др Јован Живковић
Др Далиборка Поповић
Др Мићо Милетић
Аница Павловић

*Чланови уређивачког одбора из иностранства*:

Др Само Фошнарич (Словенија)
Др Милош Ковачевић (Република Српска)
Др Светлана Калезић Радоњић (Црна Гора)
Др Анета Баракоска (Македонија)
Др Ала Белусова (Русија)

*Лектор*:
Др Милутин Ђуричковић

*Преводилац*:
Мр Игор Петровић

*Технички уредник*:
Др Лазар Стошић

*Штампа*:
"Свен" – Ниш

*Тираж*:
150 примерака

ISBN 978-86-7746-367-0

**Милена Богдановић:**
МАТЕМАТИКА И ЖЕНЕ 378

**Сања М. Маричић, Далиборка Пурић:**
РАЗВИЈАЊЕ МАТЕМАТИЧКИХ ПОЈМОВА У ИНТЕГРАЦИЈИ СА РАЗВОЈЕМ ГОВОРА ПОСРЕДСТВОМ САДРЖАЈА ИЗ КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ 388

**Владислава Гордић Петковић:**
НАРАЦИЈА И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА У КЊИЖЕВНОСТИ ЗА ДЕЦУ 403

**Голуб Јашовић:**
АРХИМАНДРИТ ЛЕОНТИЈЕ НИНКОВИЋ И ЊЕГОВ КЊИЖЕВНИ РАД У МЕТОХИЈИ 414

**Јелена Оташевић:**
СРПСКИ ПРЕВОДИ ПОЕЗИЈЕ ЛОРДА БАЈРОНА 423

**Сања Станковић, Марко Ракић, Нина Арсић:**
СИСТЕМАТИЗАЦИЈА РОМСКИХ ДИЈАЛЕКАТА КАО ПОДСТРЕК СОЦИЈАЛНОЈ ИНКЛУЗИЈИ: ИЛУСТРОВАНИ РОМСКИ БУКВАР 440

**Дијана Вучковић:**
ТЕКСТУАЛНИ И ИЛУСТРАТИВНИ ЕЛЕМЕНТИ СЛИКОВНИЦА 455

**Игор Петровић:**
БЛИЗАНЦИ – НОВИ ЈУНАЦИ ЗА ДЕЦУ 471

**Махмут Челик, Јованка Денкова**:
ЕСТЕТСКОТО ДОЖИВУВАЊЕ ВО РАСКАЗИТЕ ЗА ДЕЦА 476

**Јованка Денкова**, **Махмут Челик:**
ПАРАБОЛА ЗА САМООДРЖУВАЊЕТО ОПСТАНОКОТ 482

**Бранко С. Ристић:**
СИСТЕМИ РАЗВОЈА САСТАВЉЕНИХ РЕЧИ, ОБОГАЋИВАЊЕ РЕЧНИКА, ФОРМИРАЊЕ И УСВАЈАЊЕ ГРАМАТИЧКИ ПРАВИЛНЕ РЕЧИ; ВАСПИТАВАЊЕ И УЧЕЊЕ ГЛАСОВНЕ КУЛТУРЕ РЕЧИ У МЕТОДИЦИ ПОЧЕТНОГ ЧИТАЊА И ПИСАЊА 491

**Даница Радуновић Столић:**
РАЗЛИЧИТЕ ЛЕКСИЧКЕ ГОВОРНЕ ИГРЕ И ЊИХОВА УЛОГА У БОГАЋЕЊУ РЕЧНИКА ДЕЦЕ ПРЕДШКОЛСКОГ УЗРАСТА 496

Доц.д-р Махмут Челик
Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет
Штип, Р. Македонија
e-mail: mahmut.celik@ugd.edu.mk

Доц.д-р Јованка Денкова
Универзитет „Гоце Делчев“
Филолошки факултет
Штип, Р. Македонија
e-mail: jovanka.denkova@ugd.edu.mk

# ЕСТЕТСКОТО ДОЖИВУВАЊЕ ВО РАСКАЗИТЕ ЗА ДЕЦА

Abstract: Through stories for children, through people and objects surrounding them, the child must be implanted primarily aesthetic experience and excitement. Through stories, children comprehend many events and characters that will inspire active action not only in the family but also in school, and socializing with their peers on the street andvariousculturaland sportsevents,which willmotivatethesociability, fellowshipandother positiveattributesin life. Unityand coexisten ceamong citizensof the Republic of Macedonia, regardlessof theirethnic, linguistic, religious or racialbackgrounds, should not be experien cedthrougharidslogans(asin somestoriesof Shukri Ramo), butthroughartshownevents, adventuresand characters.

Key words:childstory,coexistence, friendship.

Сажетак:
Преко приче за децу, преко људи и објеката која их окружују, код детета пре свега мора се усађивати естетски доживљаји узбуђење. Кроз приче дете схвата многе догађаје и ликове којиће га инспирисатина активно деловање, не само у породици, већ и у школи, а и дружење са својим вршњацимана улици и на разни мкултурним и спортским манифестацијама, код њега ће мотивисати друштвеност, дружење и друге позитивне атрибуте у животу. Јединство и суживот међу грађанима Републике Македоније, без обзира на њихове етничке, језичке, верске или расне припадности, не треба се доживљавати кроз сушним пароламама (као у неким причамаШукријаРамоа), већ кроз уметнички доживелим и приказаним манифестацијама, кроз авантуре и карактера.

Клучне речи: дете, прича, суживот, пријатељство.

Во литературата за деца среќаваме теми кои им се блиски на децата, кои ја поддржуваат детската фантазија, нивната игра, нивните потреби за љубов и дружење. Слично е и во литературата за деца, создавана од писатели кои живееле и сѐ уште живеат во Република Македонија. Исто така, можеме да констатираме дека фолклорот, како основа ѝ претходи и на литературата за деца на Турската заедница во Македонија. Така, творештвото за деца во турската литература е познато преку народните приказни и анегдотите за Настрадин Хоџа и други видови народно творештво, како што се преданијата и легендите, кои, секако, одиграа значајна улога во творештвото за деца и на првата повоена генерација турски писатели на раскази во нашата земја. Овде треба да нагласиме дека се задржуваме на писателите од првата повоена генерација писатели, за која можеме да кажеме дека, за жал останува можеби и единствена, бидејќи новите генерации автори повеќе се занимаваат со белетристика за возрасни. Оттука произлегуваат и темите на расказите за деца, кои ја отсликуваат улогата на тогашните услови во кои живееле и растеле децата во една заедничка средина и за децата од македонската и од турската заедница.

Родоначалниците на турската литература во Република Македонија во периодот по Втората светска војна во своите почетоци се инспирираа од првите литературни творци за деца и возрасни меѓу писателите за деца и возрасни кај Македонците (Блаже Конески, Славко Јаневски, Ванчо Николески, Васил Куноски, Борис Бојаџиски и други), бидејќи ги зближуваа заеднички теми и животни услови во текот на истата војна, во која и Турците во Македонија зедоа активно учество во редовите на партизанските одреди, а во заедничката борба против окупаторот. Повеќето автори на првата повоена генерација турски писатели во Република Македонија, посебно внимание обрнуваа на идејната страна на обработените содржини, при што се чувствуваше извесна пренагласеност во полза на новите општествено-политички стремежи во бивша Југославија. Голема е посредничката улога што писателите од турската заедница ја играа и сѐ уште играат и во заемното запознавање и приближување на двете литератури и култури. Со нивна заслуга, а особено на првата повоена генерација турски писатели во периодот од 1945 до 1990 година од 20. век (Шукри Рамо, Мустафа Карахасан, Неџати Зекерија, Фахри Каја,

Илхами Емин, и други) воспоставен е вистински мост помеѓу Република Македонија и Република Турција на културен и книжевен план.

Убедливоста на расказите за деца се значаен фактор за детето да стане активен чинител и субјект, а не објект во творештвото. Преку расказите детето сознава многу настани и ликови кои ќе го инспирираат на активно делување не само во семејството, туку и во училиштето, а и во дружењето со своите врсници на улица и на разни културни и спортски манифестации, со што ќе се мотивира на дружељубивост, другарство и други позитивни својства во животот. Заедништвото и сожителството меѓу граѓаните на Република Македонија, без разлика на нивната национална, јазичка, верска или расна припадност, не треба да се доживува преку сувопарни слогани (како што е случај во некои раскази на Шукри Рамо), туку низ уметнички прикажани и оживеани настани, доживувања и ликови. Расказите за деца треба да го поттикнуваат детето на активен однос кон сè што е позитивно во животот.

Ако се задржиме на збирките раскази за деца „Другари" од Мустафа Карахасан можеме да заклучиме дека сите 16 раскази тематски и содржински се скоро слични. Дејствијата се извршуваат од истите деца јунаци. Аднан, главниот јунак на сите овие раскази се родил во времето кога таткото бил долго време надвор од земјата. Аднан припаѓа на турско семејство во кое имал четири постари сестри. Тој разонода наоѓа во играта. Неговите играчки за него се примарни. Откако ќе му здодеат, Аднан ги подава рацете кон она што може да се дофати, а најчесто се служи со најсилното детско оружје - плачот. Во отсуство на таткото, неговите желби ги исполнува саканиот вујко. Меѓутоа, првите чекори на Аднан надвор од домот се мошне тешки, но и пријатни. Тој сретнува другарчиња кај кои не може да се наметне, туку мора да ги почитува правилата на детските игри, кога чувствува оти ја губи поранешната сила. Тоа е природна законитост во детската игра, каде што од секое дете се бара почитување на општите правила. Авторот преку својот јунак Аднан ја отсликува и поставеноста на училиштето во предвоениот режим, кога поради непостоење училишта на мајчин јазик мајката го запишува Аднан во верско училиште.

Во литературата за деца на турски јазик во Македонија евидентно е дека се објавени повеќе книги раскази кои содржински се богати, но се и доста кратки: „Тие претежно завршуваат со пораки како што се – меѓусебното разбирање и љубов, против

исмејувањето на недостатоците на своите другари, против разните видови закани, почитување на старите, успех во училиштето, меѓусебно почитување во игрите итн.“

Меѓу позначајните книги треба да ги спомнеме и следните раскази за деца: „Виножито“ (антологиски избор), „Довидување“ (1978) од Фахри Каја, „Деца“ (1964) од Хусејин Сулејман, „Седмоглавиот џин“ (1975) и „Другари“ (1965) од Мустафа Карахасан, „Црниот Исмет“ (1976) од Нусрет Дишо Улку, и „Малиот човек“ (1982) и „Цигара“ (1983) од Реџеп Мурат-Бугарич. Во сите овие раскази се зборува за животот на децата низ играта, другарството, првите детски тагувања, за училишниот живот, за детската радост и тага, како и за одделни особености на децата, како што се лошите навики стекнати во семејството, кои во детската средина се неприфатливи, почитување на личноста на детето при игри, неприфатливите детски шеги, физичките недостатоци поради кои детето натажено ја напушта играта или училиштето, како што е случај со расказот „Шишко“ од Фахри Каја, кој поради исмејување од неговите другари, го напушта училиштето.

Во Р. Македонија, особено се познати и омилени расказите за деца на Неџати Зекерија, кој на полето на прозата во литературата за деца на турски јазик постигна најголем дострел. Неџати Зекерија со своите збирки раскази „Децата од нашата улица“ (1966), и „Децата од новата улица“ (1973) беше интересен и како лектира за децата од македонската популација, особено со „Децата од нашата улица“, која е преведена на повеќе јазици. Расказите во овие книги зборуваат за животот на децата, при што авторот преку својот главен јунак го прикажува детскиот живот, почнувајчи од првите чекори низ тесните скопски улици до завршувањето на основното училиште. Во сите нив се негува духот на заедништвото кај децата, кои не прават разлика на национална основа. Иако зборуваат на различни јазици, тоа не им пречи добро да се согласуваат и во игрите да бидат единствени.

За Неџати Зекерија може да се каже дека преку своите раскази успеал да го всади чувството за другарство и споделување на среќни и тажни мигови во играта и во животот воопшто и тоа не само кај децата од Турската заедница, туку и кај сите деца од „нашата улица“. Овие теми, како и првите младешки љубовни чувства, кај неговите јунаци Орхан и Севил се градат постепено, почнувајќи од раното детство („Децата од нашата улица“), па преку другарувањето на улица и во училиште („Децата од старата

улица“ и „Децата од новата улица“), до првите младешки години и вистинското доживување на првата љубов. („Ромео и Јулија од нашата улица“). Овие теми, во расказите на Нeџати Зекерија се претвораат во општочовечки симболи за секое дете, без разлика на неговата национална, верска или расна припадност. Општочовечкото кај Орхан, секако, е и основен мотив за прифаќање на расказите за деца на Нeџати Зекерија и надвор од неговата национална и јазичка средина. Речиси сите настани во расказите на Нeџати Зекерија се доведуваат на релацијата другарство – споделување, прва љубов, кои и ги мотивираат главните јунаци Орхан и Севил, своите постапки да ги насочуваат кон добрината и убавината во животот.

Кога зборуваме за основните теми и мотиви во расказите за деца, освен за социјализацијата, за другарството, за првите детски љубови, кои особено го привлекуваат вниманието на децата, можеме да ги додадеме и мотивите за љубовта кон природата и кон животните, кои повторно ја поттикнуваат и ја насочуваат позитивната сила за градење на личноста на детето. Така, во расказите на  Нусрет Дишо среќаваме ликови на животни, кои метафорички ја одразуваат сликата на детето, кое расте, зрее и станува подобро и похумано, тогаш кога ги почитува и ги сака и животните.

Во расказите за деца на Дишо животните имаат право на живот, бидејќи се Аллахови созданија, а таквиот однос на авторот има позитивно влијание и во хуманизирањето на луѓето воопшто, толку неопходно денес и кај нас и во светот.

Исто така и во македонската литература за деца среќаваме бројни примери за дружбата меѓу децата и животните. Таков пример е ждребето на кобилата Белка, во „Белото Циганче“ од Видое Подгорец, кое станува прв пријател и придружник на Таруно, меѓу другото и поради тоа што ја доживува сличната судбина со детето, кое го нарекуваат Бело Циганче, бидејќи останало сирак по војната и го усвоиле Циганите – чергари. Малото ждребе се раѓа, но неговата мајка умира. Тоа е уште една причина детето и животното да станат неразделни другари.[1]

Животните се верни придружници на детето во реалниот живот и тие се неразделен дел од него. Од тие причини, животните ја населуваат детската фантазија и придобиваат својства кои ги имаат и луѓето. Мошне експлицитен пример за ова е едно

[1] Види: Виолета Димова: „Литературното дело и реципиентот“, Скопје, Македонска реч, 2007.

дело од современата македонска литература за деца „Камчето на сакањето“[2] од Славка Манева во кое девојчето Маре, „заради зафатеноста на родителите околу новороденото бебе, се чувствува осамена, односно според зборовите на Маре: „сè се сврти наопаку во куќата“. Откако пропаѓа нејзиниот обид да го привлече вниманието на родителите со своето однесување: „Маре го смисли најстрашното. Реши да побегне од дома“. И, ете, тука е првата кризнат точка кога јунакот се оддалечува од родителскиот дом. Маре тргнува на пат, во авантури. Страста на патувањето и опасните авантури се израз на потсвесната желба на детето за промена. Тие се израз и на потсвесната потреба за поголемо манифестирање на љубовта од страна на родителите кон неа".[3] Во потрага по љубовта, Маре, на подрачјето на сонот (онирична фантастика), другарува со мноштво животни (јагне, страшен лав, мечка, чавки, змии, ламји, огромни пајаци) кои само навидум се страшни и предизвукуваат страв и трепет, а всушност, како и таа, се желни за другарување и љубов. Целото патување на Маре би било бесмислено без објект по кој субјектот би трагал. Објект на потрага во ова дело е т.н. "камче на сакањето" кое на оној што го поседува му ја обезбедува љубовта на другите, па како и Маре, така и нејзините придружници (животните) трагаат по овој предмет, т.е. по љубовта. „Минувајќи низ многу искушенија, патниците на крај доаѓаат во "шумата на бебињата" каде откако ќе ги видат малите бебенца, ги допира нивната убавина и, без да знаат – го пронаоѓаат камчето на сакањето, т.е. љубовта во себе. Тогаш, Маре катарзично се ослободува од заблудата, при што во нејзините зборови прозвучува и грижа на совест; „А јас, брлива, не го сакав нашето бебенце. Им се лутев на мама и тато, за ништо. А тоа е толку малечко и слатко. Па јас сум навистина веќе голема и имам другари".[4]

[2] Славка Манева: „Камчето на сакањето“„ Скопје , Детска радост, 1982.
[3] Извадок од докторската дисертација “Фантастиката и научната фантастика во македонската проза за деца и младина"(необјавена) од доц.д-р Јованка Денкова, одбранета на 2008г на Филолошки факултет Блаже Конески-Скопје, стр.30
[4] Извадок од докторската дисертација “Фантастиката и научната фантастика во македонската проза за деца и младина" (необјавена) од доц.д-р Јованка Денкова, одбранета на 2008г на Филолошки факултет Блаже Конески-Скопје, стр.33

## ЗАКЛУЧОК

Можеме да заклучиме дека преку литературата за деца, а особено преку расказите во кои авторот од позиција на некогашно дете искрено им се обраќа на децата се негуваат и се всадуваат вистинските хумани вредности, кои се толку неопходни за градење на личноста, не само на децата, туку и на човештвото воопшто.

## ЛИТЕРАТУРА


1.Виолета Димова: „Литературното дело и реципиентот“, Скопје, Македонска реч, 2007.

2.Славка Манева: „Камчето на сакањето„ Скопје , Детска радост, 1982.

3.Извадок од докторската дисертација “Фантастиката и научната фантастика во македонската проза за деца и младина"(необјавена) оддоц.д-р Јованка Денкова, одбранетана 2008г на Филолошки факултет„БлажеКонески“.